IDSCS | Институт за демократија
Социетас цивилис - Скопје

Во периодот од 1 до 3 април 2016 година, во Хотел Романтик во Дојран, членовите на Собранието на ИДСЦС, согласно член 18, 23 и 31 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ, бр. 52 од 16.04.2010 година), и член 19 од Статутот на ИДСЦС, го донесоа следниот пречистен текст на

# СТАТУТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ДЕМОКРАТИЈА СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС - СКОПЈЕ

---

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје е здружение формирано со слободно здружување, со цел да придонесе во изградбата на демократските институции и унапредувањето на демократските процеси во Република Македонија.

### Член 2

Член на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје може да биде полнолетен државјанин на Република Македонија, чии вредности гарантираат дека тој ќе делува во целосна согласност на целите на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје.

Секој член на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје може да предложи кандидат за нов член. Предлогот заедно со образложение се доставува до Собранието на ИДСЦС и истото решава по него преку тајно гласање со апсолутно мнозинство.

Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје за своите членови води регистер на членство, кој се ажурира еднаш годишно, преку потпишување на пристапница на избраните членови, во последните 2 месеци на крајот од секоја година.

### Член 3

Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје како здружение своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со односите уредени со Уставот на Република Македонија и овој Статут, како и со други законски норми кои регулираат материја од оваа област.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ ВРОЈ 4
СКОПЈЕ

Член 4

Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје го претставува и застапува Претседателот на Институтот.

Член 5

Назив на здружението е Институт за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ -Скопје (во скратена верзија ИДСЦС). Англискиот назив на здружението гласи: Institute for Democracy Societas Civilis Skopje (acronym IDSCS).

Член 6

Седиштето на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје е на адреса: „Митрополит Теодосиј Гологанов“ бр.42А/3 1000 Скопје.

Член 7

Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје е правно лице.

Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје има свој печат и штембил.

Печатот е тркалезен и го содржи името на здружението: Институт за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје, а во средината се наоѓа логото на ИДСЦС.

Штембилот на ИДСЦС е правоаголен и на него е испишан следниот текст:
Институт за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје.
Број_______________________________________
________/ __/ ___ година
Скопје

Член 8

Работата на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје е јавна.

Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување на членовите на Институтот за сите облици на работење, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување извештај за работа на органите и телата на Институтот, за материјално - финансиското работење и друго.

За информирање на членовите и пошироката јавност се користат печатените медиуми, радиото, телевизијата, услугите на интернет како и печатените и електронските публикации на Институтот.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ
БРОЈ 4
СКОПЈЕ

## ЦЕЛИ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ДЕМОКРАТИЈА СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС - Скопје

Член 9

Визијата на Институтот за Демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје гласи: „Македонија - високо развиена демократија на слободни и активни граѓани“.

„Мисијата на ИДСЦС е поддршка на развојот на демократските процеси преку промоција на креирање на политики базирани на истражување, анализи и консултација со засегнатите страни”.

Цели на Институтот за демократија СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС - Скопје се промоција и поддршка на:

- Демократски вредности, човекови права и активна граѓанска вклученост Владеење на правото и доброто управување;
- Евроатлански интеграции;
- Донесување на одлуки и креирање на политики засновани на докази;
- Општествена кохезија;
- Силно цивилно општество.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ДЕМОКРАТИЈА СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС - Скопје

Член 10

Финансирањето на Институтот се остварува од следните извори:

- јавни финансии;
- донации;
- провизии од органи, организации, заедници и од други услуги;
- извршување на економски услуги;
- членарина.

Член 11

Користењето и располагањето со средствата на Институтот за демократија СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС – Скопје, добиени по основите на претходниот член, се врши на начин утврден со овој Статут, внатрешните акти за финансиско - материјално работење и останатите законски норми.

Член 12

За користење и располагање со средствата одлучуваат органите на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје

Член13

Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје донесува годишен финансиски извештај за приходите и расходите на Институтот за демократија СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС - Скопје.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 4
СКОПЈЕ

Финансискиот извештај се изработува во согласност со позитивно - правните норми на Република Македонија.

## УПРАВУВАЊЕ СО ИНСТИТУТОТ ЗА ДЕМОКРАТИЈА СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС - Скопје

Член 14

Со Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје управува организираното членство на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје непосредно или преку свои претставници во органите.

Права и должности на членот/претставникот се:

- да избира и да биде биран во органите на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје;
- да предлага решавање на прашања од заеднички интерес;
- да работи на развивање и унапредување на општествените и други активности кои произлегуваат од Статутот, програмските цели и задачи и од усвоените одлуки и заклучоци;
- да ги спроведува, во целост, одредбите од Статутот и програмските активности;
- да ги застапува интересите и ставовите на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје;
- да бара стручна и друга помош од областа на материјата;
- во секое време да бара и добие увид во финансиското работење на ИДСЦС.

## ОРГАНИ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ДЕМОКРАТИЈА „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје

Член 15

Органи на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје се:

1.Собрание на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ -Скопје.

2. Управен Одбор на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ -Скопје.

## СОБРАНИЕ НА ИДСЦС

Член 16

Собранието на Институтот за демократија, „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје е составено од членовите на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ – Скопје, според последниот ажуриран регистар на членови во тековната календарска година.

Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 4 СКОПЈЕ

Член17

Седници на Собранието на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје свикува Претседателот на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје.

Седница на Собранието се свикува и по предлог на Управниот Одбор на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје или на 1/3 од вкупниот број членови на Собранието.

Ако Претседателот на Собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Управниот Одбор или иницијаторите.

Начинот на свикување на седниците на Собранието на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје се определува со Деловникот за работа на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје.

Член 18

Собранието на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ – Скопје од редовите на своите членови, на редовни или вонредни собранија, избира Управен одбор кој е извршен орган на Собранието.

Член 19

Собранието полноважно одлучува, ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број членови.

Собранието по правило ги донесува одлуките со мнозинство гласови од присутните членови.

Во надлежност на Собранието е следното:

- го донесува Статутот на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје и врши измени и дополнувања на Статутот, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Собранието на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ – Скопје;
- избира и разрешува членови на Управниот одбор, со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови на Собранието на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ – Скопје;
- Со 2/3 мнозинство и тајно гласање го избира и го разрешува Претседателот на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ – Скопје, кој воедно е и Претседател на Собранието и Претседател на Управниот одбор на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје;
- Со 2/3 мнозинство и тајно гласање го избира и разрешува Програмскиот директор на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ – Скопје;
- усвојува стратегија за работата на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје, операционализирана во годишните програми;
- го разгледува и усвојува Годишниот извештај и Годишниот план за работата поднесен од Претседателот и Програмскиот директор, ја следи материјално - финансиската состојба на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје помеѓу две

собранија;

- донесува финансиски план и усвојува завршна сметка на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ – Скопје;
- расправа за постигнатите резултати одсо развојот на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје и дава насоки за натамошен развој на Институтот;
- донесува одлуки, заклучоци и препораки од интерес на Институтот за демократија, „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ – Скопје;
- врши и други работи кои произлегуваат од Статутот и законите.

**УПРАВЕН ОДБОР НА ИДСЦС**

Член 20

Управниот Одбор на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје е извршен орган на Собранието во кој секој член има еднакви права, обврски и одговорности за работењето и развојот на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ – Скопје, во согласност со Статутот.

Програмскиот директор на Институтот за демократија„ СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ – Скопје нема право на глас во рамки на Управниот одбор, по однос на прашања поврзани со надзорот на неговата работа и надлежности во водењето на канцеларијата на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ – Скопје.

Член 21

Управниот одбор на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје брои 5 (пет) члена.

Во Управниот одбор на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ – Скопје членуваат Претседателот, Програмскиот директор и тројца членови кои се избираат од страна на Собранието на Институтот за демократија„ СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ – Скопје, а се членови на Здружението според последниот ажуриран регистар во тековната календарска година.

Мандатот на членовите на Управниот Одбор трае четири години.

Мандатот на членството на Програмскиот директор во Управниот одбор е соодветно на времетраењето на неговиот мандат како Програмски директор (две години, со можност за реизбор).

Член 22

Во надлежност на Управниот одбор е следното:

- ги спроведува статутарните и програмските задачи на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје како и одлуките и заклучоците на Собранието;
- одлучува за воспоставување и престанок на работен однос на членовите на Извршната канцеларија, на предлог од Претседателот;
- ги разгледува Годишниот извештај и Годишниот план за работа подготвени од Претседателот и програмскиот директор;
- предлага измени и дополнувања на Статутот;

- донесува соодветни правилници, прифаќа спогодби и склучува договори;
- одлучува за основање на трговски друштва;
- свикува седници на Собранието и подготвува материјали;
- донесува одлуки за формирање на постојани и повремени комисии и ја насочува нивната работа;
- организира и активно учествува во организирањето на разни акции и манифестации;
- донесува одлуки за набавка и отуѓување на основните средства;
- дава согласност на Правилникот за организација на работите и работните задачи на стручната служба на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС" – Скопје;
- донесува одлуки по приговори и жалби;
- врши и други работи кои произлегуваат од потребите на Статутот на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС" - Скопје.

Член 23

Управниот одбор за својата работа е одговорен пред Собранието на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС" - Скопје.

Член 24

Управниот Одбор се состанува и одржува седници по потреба.

Седницата на Управниот одбор ја свикува Претседателот.

Предлог за свикување на Управниот одбор може да поднесе една половина од Управниот одбор, 1/3 од претставниците во Собранието и Претседателот на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС" -Скопје.

Со седницата раководи и претседава Претседателот на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС" - Скопје, а во негово отсуство Програмскиот директор на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС" - Скопје.

Начинот на свикување на седницата и други прашања од работењето на Управниот одбор се уредуваат со Деловникот за работа на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС" - Скопје.

Одлуките на управниот одбор се носат со апсолутно мнозинство.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ И ПРОГРАМСКИ ДИРЕКТОР НА ИДСЦС**

Член 25

Претседателот на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС" – Скопје, го избира Собранието, од својот состав, со мандат од четири години.

Претседателот на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС" - Скопје, кога е отсутен или спречен да присуствува, го заменува Програмскиот директор на Институтот.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ ВОЈ 4 СКОПЈЕ

Член 26

Претседателот на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје се грижи за законитоста и правилноста на работата на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје.

Претседателот на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје го свикува, го утврува дневниот ред и претседава со седниците на Собранието, се грижи за извршувањето на одлуките и извршува други работи утврдени со Статутот.

Претседателот на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје го свикува, го утврдува дневниот ред и претседава со седниците на Управниот одбор, се грижи за извршувањето на одлуките и извршува други работи утврдени со Статутот.

Претседателот на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје и Програмскиот директор имаат овластувања за финансиски потписници во однос на средствата и имотот на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје и може да ги пренесат на лице кое ќе го овластат.

Претседателот на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје за својата работа одговара пред Собранието на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје.

Член 27

Права, обврски, надлежности на Претседателот на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје:

1. Се грижи за внатрешната организација и функционирањето на органите и телата на Институтот за демократија.
2. Во правниот промет презема мерки и дејствија во име и за сметка на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ – Скопје или го овластува Програмскиот директор со посебна одлука.
3. Склучува договори, спогодби во име и за сметка на Институтот за демократија, „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ – Скопје.
4. Е наредбодател и потписник на сметката на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ – Скопје.
5. Одлучува за работата АФЦ, а заедно со Програмскиот директор за кадровски прашања во рамки Извршната канцеларија.
6. Се грижи за благовремено извршување на одлуките и заклучоците донесени од Собранието и од Управниот одбор.
7. Се грижи за правилната примена на законските прописи во областа на дејностите што ги врши Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ – Скопје.
8. Одговорен е за извршувањето на Финансискиот план.
9. Заедно со Програмскиот директор е одговорен за извршување на Програмата за работа.
10. Ги води и мотивира соработниците вработени во Извршната канцеларија, воспоставува показатели и ги оценува работните достигнувања (одлучува за награди и санкции/материјална и дисциплинска одговорност).

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 4
СКОПЈЕ

Крагуевачка 2
1000 Скопје Македонија
Тел/Факс: +38923094760
facebook.com/IDSCS
contact@idscs.org.mk
idscs.org.mk

11. Предалага воспостување/прекинување на работен однос во рамки на Извршната канцеларија.
12. Заедно со Програмскиот директор одлучува за работниот ангажман на лица надвор од Извршната канцеларија.
13. Претседателот на Институтот за демократија, СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС -Скопје е наредбодател и потписник на сметката на Институтот за демократија СОЦИЕТАСЦИВИЛИС - Скопје;
14. Се грижи за благовремено извршување на одлуките и заклучоците донесени од Собранието и Управниот одбор;
15. Во правниот промет презема мерки и дејствија во име и за сметка на Институтот за демократија, СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС – Скопје или го овластува Програмскиот директор со посебна одлука;
16. Се грижи за правилната примена на Законските прописи во областа на дејностите што ги врши Институтот за демократија СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС - Скопје;

Член 28

Права, обврски, надлежности на Програмскиот директор на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС" - Скопје:

1. Управува, ги координира, евалуира и насочува проектните и програмски активности на Извршната канцеларија.
2. Одлучува, заедно со Претседателот, за кадровски прашања во рамки Извршната канцеларија.
3. Се грижи за квалитетот на продуктите и активностите од проектните циклуси.
4. До Претседателот дава предлози за дисциплинска и материјална одговорност.
5. Се грижи за благовремено извршување на одлуките и заклучоците донесени од Собранието и од Управниот одбор;
6. Одржува редовни состаноци со раководителите на центрите и проектните менаџери.
7. Подготвува, во координација со другите релевантни страни, проектни апликации и го следи напредокот на овие апликации.
8. Го следи и поддржува перформансот на волонтерите кои работат во рамките на Институтот.
9. Го раководи подготвувањето на стратегијата за работа на ИДСЦС, заедно со Претседателот и придонесува за развојот и за имплементацијата на сродните стратегиски планови, политики и процедури.
10. Програмскиот директор заедно со Претседателот е одговорен за извршување на Програмата за работа.
11. Го подготвува Годишниот извештај и Годишниот план за работа на ИДСЦС, заедно со Претседателот;
12. Потписник е на сметката на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС" - Скопје со органичени овластувања;
13. Во отсуство и со овластување на Претседателот на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС" – Скопје склучува договори, спогодби во име и за сметка на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС" - Скопје;
14. Заедно со Претседателот одлучува за работниот ангажман на лица надвор од Извршната канцеларија.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 4 СКОПЈЕ

Мандатот на Програмскиот директор на Институтот за демократија СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС – Скопје е 2 (две) години со право на неограничен реизбор.

## ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА

Член 29

За извршување на финансиските, административно-стручните и проектните активности кои произлегуваат од работата и целите на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ - Скопје се формира Извршна канцеларија.

Член 30

Правата и обврските и одговорностите за работа на вработените во Извршната канцеларија ги утврдува Претседателот на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ – Скопје, во согласност со законските норми и Статутот.

Член 31

Средствата за работа на стручната служба се определуваат со финансиски план секоја година, и тоа: средства за плати, средства за заедничка потрошувачка, средства за материјални трошоци, средства за посебна намена за нормално извршување на функцијата.

Член 32

Со Извршната канцеларија на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ – Скопје раководи Програмскиот директор на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ – Скопје.

Член 33

Извршната канцеларија има организациони единици.

За организационите единици, за нивниот број, вид и делокруг на работа, односно целокупната организација на Извршна канцеларија одлучува Управниот одбор.

Организацијата и работата на Извршна канцеларија се уредува со акти што ги донесува Управниот одбор.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ БРОЈ 4 СКОПЈЕ

## ПРЕСТАНОК СО РАБОТА

Член 34

Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ – Скопје ќе престане со работа ако за тоа одлучат членовите на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ – Скопје, ако бројот на членовите се намали под бројот определен за основање , ако настапат причини утврдени со член 63 од Законот.

Одлука за престанок со работа на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ – Скопје донесува Собранието на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ – Скопје, со двотретинско мнозинство од вкупниот број на членови на Собранието на Институтот.

Член 35

По престанокот на работа Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ – Скопје, имотот и другите права и приходи по намирувањето на обврските ќе се пренаменат во хуманитарни цели со одлука на Собранието на ИДСЦС донесена со 2/3 мнозинство.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 36

Право на толкување на одредбите од овој Статут има Собранието на Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ – Скопје.

Член 37

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат по иста постапка како и за неговото донесување.

Член 38

Овој Статут влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседател на **Институтот за демократија „СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС“ – Скопје**

**Марко Трошановски**

Институт за демократија СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС ИДСЦС СКОПЈЕ

Број. 0101-106/16
Датум 03.04.2016

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ БРОЈ 4 СКОПЈЕ